# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „РЕЛИГИОЗЕН ТУРИЗАМ“ (УЧЕБНИК) ОД Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, Д-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА-ПЕТКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип (Универзитетски гласник бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика на 177. седница, одржана на 1.11.2017 година, донесе Одлука број 2102-506/13 за избор на рецензенти за издавање учебник „Религиозен туризам“ по предметот Религиозен туризам.

За рецензирање на ракописот за учебник „Религиозен туризам“ од авторите вон. проф. д-р Никола В. Димитров, вон. проф. д-р Дејан Методијески, вон. проф. д-р Цане Котески и доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова се избрани следниве рецензенти:

- д-р Науме Мариноски, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство - Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола;
- д-р Златко Јаковлев, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Марија Магдинчева-Шопова, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за учебник **„РЕЛИГИОЗЕН ТУРИЗАМ“** од авторите вон. проф. д-р Никола В. Димитров, вон. проф. д-р Дејан Методијески, вон. проф. д-р Цане Котески и доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова е соодветен со Наставната програма на предметот Религиозен туризам, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во VII семестар на додипломските студии.

Предметот, согласно со Наставната програма, се вреднува со 6 кредити за студиската програма Гастрономија, исхрана и диететика и со 4 кредити за студиска програма Туризам.

Ракописот за учебник „РЕЛИГИОЗЕН ТУРИЗАМ“ е напишан со нормален проред, фонд ариал со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 180 страници, во А-4 формат. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови, при што се слуша во VII семестар како задолжителен предмет на студиската програма Гастрономија, исхрана и диететика (2+2+1) и изборен на студиска програма Туризам (2+1+1).

Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Религиозен туризам.

Композицијата на истата е направена според тематски содржини кои одговараат на оваа проблематика а, покрај другото, применета е и соодветна методологија како и методски принципи кои соодветствуваат во истражувачкиот процес применлив за вакви содржини.

Инаку, учебникот е презентиран низ седум глави, 22 поглавја и 31 потпоглавје. Покрај тоа, таа е збогатена и со уште 5 табели, 2 дијаграми, над 80 колор фотографии и 5 тематски карти што, од своја страна, на истата и ја зголемуваат како теоретската, така и апликативната вредност. Во учебникот се цитирани повеќе содржини кои се распоредени

според важноста и применливоста во тематските содржини. Користена е литература од домашни и од странски автори, како и повеќе интернет страници.

Така во *првата глава* авторите ги презентираат основните карактеристики на религиозниот туризам. Во таа насока, тие ги објаснуваат поимот и значењето на религијата и на религиозниот туризам, потоа која е суштината и функцијата на религијата. Во продолжение на главата се даваат неколку дефиниции за религиозниот туризам и религијата посебно како дејност, па се продолжува со поврзаноста на туризмот со религијата. На кој начин се поврзуваат една со друга и на кој начин би можело да се искористи религиозното во функција на туризмот.

*Втората глава* говори за факторите за појава на религијата и туризмот, нивен развој, цели, мотиви и видови на религиозниот туризам. Притоа овде авторите се осврнуваат на позитивните аспекти на меѓузависноста на туризмот и религијата, нивните меѓусебни ограничувања, како и за туризмот како систем. Во таа насока авторите религиозниот туризам го вбројуваат како дел од туризмот што, од своја страна, претставува мошне респектабилен заклучок.

Во оваа глава станува збор уште и за видовите на религиозни туристи и религиозен туризам, како и за организација на истиот.

*Третата глава* е наменета за проблематиката што ги објаснува поклоничките патувања во Стариот завет, Новиот завет, како и за поклоничките патувања од Македонија.

Во *четвртата глава* станува збор за религиската содржина во туризмот како самостоен и доминантен дел на туристичкиот производ. Овде темата е обработена во повеќе поглавја и потпоглавја, од кои најзначајно место заземаат повеќето позначајни и познати дестинации кои развиваат религиозен туризам. Овде, како што веќе напоменавме, се говори и за религиски турист, посебно Аџилакот, бидејќи е заеднички за поголемиот дел религии. Потоа се опфатени митовите, симболите, обредот, претставата и ритуалите како дел од религиска содржина која е интересна за верските туристи да посетат одредени места. И како поопширен дел е дадена обработка на најголемиот дел од туристички дестинациите кои развиваат религиски туризам со одредена религиска содржина.

*Петтата глава* ги обработува видовите и карактеристиките на различни религии во светот, исто и поврзаноста на исхраната и разните религии, која е значајна како дел од туристичките патувања. Во оваа глава се опфатени во посебни наслови повеќе религии од целиот свет, како што се: христијанство, ислам, индуизам, конфучијанство, даоизам, таоизам, шинтоизам, хинфуизам, џаинизам, будизам, сикизам, зарастустризам, јудаизам, бахаизам и други**.**

Во *шестата глава* се говори за маркетингот и побарувачката, димензионирањето според различните видови побарувачка и сл. На крајот од главата авторите, покрај другото, ги детерминираат идните насоки за развој на религиозниот туризам.

Во последната и најдолга *седма глава* станува збор за религиозниот туризам во Македонија. Почнувајќи од појавата и општите карактеристики, посета на цркви, манастири и други верски објекти, валоризација на истите, па сè до регионална поделба на манастирите во Македонија. Темата е исто така обработена во повеќе поглавја и потпоглавја, дадена се сликовити прикази и објаснувања за сите манастири во Скопски регион, Полошки, Пелагониски, Југозападниот регион, како и Вардарски регион, потоа Југоисточен, Источен и Североисточен регион на Македонија. Сите манастири и цркви се прикажани на карта и е даден табеларен приказ за останатите религиозни објекти во Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

На крајот би заклучиле дека учебникот „Религиозен туризам“ од авторите вон. проф. д-р Никола В. Димитров, вон. проф. д-р Дејан Методијески, вон. проф. д-р Цане Котески и доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова претставува сериозна стручна публикација која ги опфаќа најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент во делот на религиозниот туризам. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Религиозен туризам, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев – Штип, во VII семестар, на додипломските студии на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Истата е напишана во мошне разбирлив стил за скоро сите видови читатели, а најмногу за оние коишто се занимаваат со религиозниот туризам. Според тоа, учебникот, покрај за широката читачка популација, најмногу може да користи за студентите на факултетите за туризам и угостителство, потоа за оние кои ја изучуваат бизнис логистиката, гастрономијата, за оние коишто се занимаваат со хотелиерството и сл.

**Рецензенската комисија предлага ракописот за учебник „Религиозен туризам“ од авторите вон. проф. д-р Никола В. Димитров, вон. проф. д-р Дејан Методијески, вон. проф. д-р Цане Котески и доц. д-р Тања Ангелкова-Петкова да биде издадена во електронска форма како е-учебник за потребите на студентите на додипломските студии на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Науме Мариноски, редовен професор,**
**Факултет за туризам и угостителство - Охрид,**
**Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, вонреден професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**
**Д-р Марија Магдинчева-Шопова, доцент,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**